**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

# К О Н К У Р С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ – ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ВО АКАДЕМСКАТА 2025/2026 ГОДИНА

**Штип, 2025 година**

Во согласност со Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.82/2018, 154/19, 178/21 и 58/24) и Одлуката бр. 0201-195/14 од 25.2.2025 г. донесена на 237. седница на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Одлуката бр. 0202-198/14 од 25.2.2025 г. донесена на 253. седница на Ректорската управа одржана на 25.2.2025 г., Одлуката на Владата бр.50-4385/7 од 27.5.2025 г. („Службен весник на РСМ“ бр.109 од 30.5.2025 г.), Универзитетот објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на трет циклус студии - докторски студии на студиските програми на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во академската 2025/2026 година

1. **Назив на студиската програма, предвиден број на слободни места за запишување, висина на школарината и времетраење на студиите**

| Назив на студиската програма | Број на слободни места | Висина на школарина во ЕУР | Времетраење на студиите и ЕКТС |
|---|---|---|---|
| **Кампус 2<br>Техничко-технолошки науки, биотехнички науки и природно-математички науки** | | | |
| **1.Факултет за природни и технички науки<br>Студиска програми** | | | |
| Инженерство за заштита на животна средина | 15 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Инженерство за заштита на работна средина | 15 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Наоѓалишта на минерални суровини | 5 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Хидрогеологија | 5 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Подземна експлоатација | 5 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Петрологија, минералогија и геохемија | 5 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Подготовка на минерални суровини | 5 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Геологија и геофизика | 5 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Површинска експлоатација | 5 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| **2.Земјоделски факултет<br>Студиска програми** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фитомедицина – заштита на растенијата | 8 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Растително производство | 4 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Генетика и селекција на растителното производство | 6 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Растителна биотехнологија | 5 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Лозарство | 3 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Безбедност на храна | 12 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| Наука за земјиштето и хидрологија | 1 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| **3.Факултет за информатика**<br>**Студиска програма-** | | | |
| Компјутерски науки и инженерство | 19 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| **4. Технолошко-технички факултет**<br>**Студиска програма** | | | |
| Наука и технологија за композитни материјали | 6 | 5150 | Тригодишни 180 ЕКТС |
| | | | |
| **Кампус 3**<br>**Медицински науки и здравство** | | | |
| **5.Факултет за медицински науки**<br>**Студиска програма** | | | |
| Општа медицина-Базични и клинички истражувања во медицината | 35 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| Базични и клинички истражувања во дентална медицина | 10 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| Фармација | 10 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| Биомедицина | 5 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| **Кампус 4**<br>**Општествени науки** | | | |
| **6.Правен факултет**<br>**Студиска програма** | | | |
| Казнено право | 4* | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Граѓанско право | 5 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| Деловно право | 2 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| Политички системи | 9 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| Меѓународно право и меѓународни односи | 6 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| Европско право и европски интеграции | 6 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| **7.Економски факултет Студиска програма** | | | |
| Економски науки | 37 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| **8.Факултет за образовни науки** | | | |
| Воспитанието и образованието во раниот детски развој | 10 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| Училишна педагогија | 10 | 5150 | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |
| **Кампус 1 Хуманистички науки** | | | |
| **1 Музичка академија** | | | |
| Етнокореологија* | 3 | / | Три години (шест семестри) 180 ЕКТС |

*Студиската програма е во фаза на добивање Решение за акредитација.
** Студиската програма е во фаза на добивање Решение за почеток со работа.
*** Странските државјани плаќаат двојно.

## УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ И РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ на трет циклус студии во учебната 2025/2026 г.

**Рокови за пријавување и запишување:**

| | Пријавување | Запишување |
|---|---|---|
| | од 11.8.2025 г. до 1.10.2025 г. | од 25.9.2025 г. до 15.10.2025 г. |

Листата на потенцијални ментори со број на слободни места по студиски програми и студиските програми се објавени на веб-страницата на

Универзитетот на: https://www.ugd.edu.mk/index.php/nauka/za-skolata-za-doktorski-studii/studiski-programi-i-menori

Листата на ментори ќе се дополнува со новоакредитирани ментори на трет циклус студии и со ментори на кои им се ослободува место за студенти на трет циклус студии.

**3. Услови и начин на запишување**

3.1. Запишувањето на трет циклус студии се врши со објавување на Конкурс којшто го објавува Универзитетот. Правото на пријавување на Конкурсот го имаат кандидатите кои завршиле соодветни студии од вториот циклус на академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски) збирно. Со студиската програма на докторски студии може да се предвиди и дека потребниот број на ЕКТС кредити за запишување на таа студиска програма изнесува 360 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно. Универзитетот може да постави и други услови за упис на докторски студии. Дополнителни услови кои кандидатите треба да ги исполнуваат согласно со спецификите на студиската програма се наведени во студиската програма (објавена на веб-страницата) https://www.ugd.edu.mk/index.php/nauka/za-skolata-za-doktorski-studii/studiski-programi-i-menori. Со Одлука на Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот се утврдува соодветноста на вториот циклус за запишување на докторски студии. Кандидатите за запишување на трет циклус студии мора да имаат активно познавање на еден од светските јазици.

**Кампус 2**
**Техничко-технолошки науки, биотехнички науки и природно-математички**

**1. Факултет за природни и технички науки**:
**Услови за запишување на студиските програми на втор циклус студии се следниве:**

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вупно 300 кредити.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус и ги исполнува следниве општи услови: завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС, просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8,0 и активно познавање на странски јазик.

За кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**2. Земјоделски факултет**

На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен втор циклус на студии (заедно со првиот циклус со вкупно 300 кредити).

Општи услови:

1. Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;
2. Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8,0;
3. Активно познавање на странски јазик.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**3. Факултет за информатика**

На трет циклус студии во траење од три години (180 кредити според ЕКТС) може да се запишуваат кандидати со завршен втор циклус студии од студиски програми по информатика и компјутерско инженерство и други студиски програми од сродни технички факултети.

**4.Технолошко-технички факултет**

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вкупно 300 кредити.

Општи услови:

**1.** Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;
**2.** Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8,0;
**3.** Активно познавање на странски јазик.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**Кампус 3**
**Медицински науки и здравство**
**Факултет за медицински науки**

**1.1. Базични и клинички истражувања во медицината**

Условите и начинот на запишување на академски студии од трет циклус (академски докторски студии) по базични и клинички истражувања во медицината на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за докторски студии, како и со утврдените критериуми објавени во Конкурсот од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Основните документи (предуслови) неопходни за запишување на студиската програма од трет циклус на базични и клинички истражувања во медицината на Факултетот за медицински науки се:

-Диплома и уверение за завршени интегрирани студии од прв и втор циклус по општа медицина според Болоњската декларација и стекнати најмалку 360 ЕКТС;

- Диплома и уверение за завршени академски магистерски студии од областа на медицинските науки (општа медицина) за кандидати кои поседуваат дипломи пред воведувањето на Болоњскиот процес;

- Просек над 8.00 од додипломските и магистерските студии ќе се смета за предност;

- Познавање на англиски јазик (доказ-сертификат од овластени институции за странски јазици во Македонија или меѓународен сертификат за англиски јазик TOEFL, CAE, FCE);

- За странските кандидати доказ за познавање на македонски јазик;

- Согласност од ментор.

**Критериуми за рангирање на кандидатите:**

- Успех стекнат на претходните циклуси на студии;
- Доктори на медицина со завршена специјализација или специјализација во тек (втора половина на специјализацијата);
- Објавени публикации;
- Учества на научноистражувачки проекти;
- Студиски престои во странство;
- Учества на научни манифестации со постери или со усни презентации;
- Резултати од интервју;
- Препораки од релевантни професори.

**1.2. Базични и клинички истражувања во дентална медицина**

Условите и начинот на запишување на академски студии од трет циклус (академски докторски студии) по Базични и клинички истражувања во дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип се во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за докторски студии, како и со утврдените критериуми објавени во Конкурсот од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Основните документи (предуслови) неопходни за запишување на студиската програма од трет циклус по Базични и клинички истражувања во дентална медицина на Факултетот за медицински науки се:

- Диплома и уверение за завршен интегриран прв и втор циклус според Болоњската декларација во подрачјето на стоматолошки науки (Општа стоматологија, Дентална медицина) и стекнати најмалку 300 ЕКТС;

- Диплома за завршени магистерски студии (за студентите кои завршиле по старите студиски програми) од областа на стоматолошки науки;

-Просек над 8.00 од додипломските и магистерските студии ќе се смета за предност;

- Познавање на англиски јазик (доказ - сертификат од овластени институции за странски јазици во Македонија или меѓународен сертификат за англиски јазик TOEFL, CAE, FCE);

- За странските кандидати доказ за познавање на македонски јазик;

- Согласност од ментор.

**Критериуми врз основа на кои се врши рангирање на кандидатите:**

- Успех стекнат на претходните циклуси на студии;
- Учества на научноистражувачки проекти или студиски престои во странство;
- Учества на научни манифестации со постери или со усни презентации;
- Објавени публикации;
- Резултати од интервју;
- Препораки од релевантни професори;
- Предност при упис ќе имаат лица кои се стекнале со диплома доктор на стоматологија. Потребно е да имаат завршено или да се втора половина со здравствена специјализација.

**1.3. Фармација**

Условите и начинот на запишување на академски студии од трет циклус (академски докторски студии) по Фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за докторски студии, како и со утврдените критериуми објавени во Конкурсот од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Основните документи (предуслови) неопходни за запишување на студиската програма од трет циклус на Фармација на Факултетот за медицински науки се:

- Диплома и уверение за завршени интегрирани студии од прв и втор циклус по Фармација според Болоњската декларација и стекнати најмалку 300 ЕКТС;
- Диплома и уверение за завршени интегрирани студии од прв и втор циклус по Општа медицина, Ветеринарна медицина, Дентална медицина според Болоњската декларација и стекнати најмалку 300 ЕКТС;
- Диплома за завршени академски магистерски студии од областа на медицински науки (фармација, медицина) за кандидати кои поседуваат дипломи пред воведувањето на Болоњскиот процес;
- Познавање на англиски јазик (доказ - сертификат од овластени институции за странски јазици од Македонија или меѓународен сертификат за англиски јазик TOEFL, CAE, FCE и др.);
- За странските кандидати доказ за познавање на македонски јазик;
- Согласност од ментор.

**Критериуми за рангирање на кандидатите:**

- Успех стекнат на претходните циклуси на студии;
- Објавени публикации;
- Учества во научноистражувачки проекти;
- Студиски престои во странство;
- Учества на научни манифестации со постери или со усни презентации;
- Резултати од интервју;
- Препораки од релевантни професори.

**1.4. Биомедицина**

Условите и начинот на запишување на академски студии од трет циклус (академски докторски студии) по Биомедицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за докторски студии, како и со утврдените критериуми објавени во Конкурсот од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Основните документи (предуслови) неопходни за запишување на студиската програма од трет циклус на Биомедицина на Факултетот за медицински науки се:

- Диплома и уверение за завршени интегрирани студии од прв и втор циклус според Болоњската декларација и стекнати најмалку 300 ЕКТС;
- Диплома и уверение за завршени интегрирани студии од прв и втор циклус по Општа медицина, Ветеринарна медицина, Дентална медицина според Болоњската декларација и стекнати најмалку 300 ЕКТС;
- Диплома за завршени академски магистерски студии од областа на медицински науки (фармација, медицина) за кандидати кои поседуваат дипломи пред воведувањето на Болоњскиот процес;
- Диплома за завршени академски магистерски студии од областа на природните науки (биологија, хемија, физика, биохемија, биофизика, молекуларна медицина);
- Просек над 8.00 од додипломските и магистерските студии ќе се смета за предност;
- Познавање на англиски јазик (доказ-сертификат од овластени институции за странски јазици од Македонија или меѓународен сертификат за англиски јазик TOEFL, CAE, FCE);
- За странските кандидати доказ за познавање на македонски јазик;
- Согласност од ментор.

**Критериуми за рангирање на кандидатите:**

- Успех стекнат на претходните циклуси на студии;
- Објавени публикации;
- Учества во научноистражувачки проекти;
- Студиски престои во странство;
- Учества на научни манифестации со постери или со усни презентации;
- Резултати од интервју;
- Препораки од релевантни професори.

**Кампус 4**
**Општествени науки**

**1.Правен факултет**
**УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ТРЕТ ЦИКЛУС ВО УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА**

**ГРАЃАНСКО ПРАВО 180 ЕКТС**

Запишувањето на студентите на трет циклус студии на Студиска програма за трет циклус студии – докторски студии на правни науки од областа на граѓанското право ќе се врши според општите

услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, согласно ѕо Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (објавен на веб-страницата на Универзитетот), како и согласно со посебните услови за запишување утврдени со Конкурсот за упис на трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вкупно 300 кредити.

На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус студии (заедно со првиот циклус со вкупно 300 кредити).

Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:

1. Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;
2. Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8 (осум);
3. Потврда за познавање на странски јазик.

Наставно-научниот совет со воведување на дополнителни услови може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование, од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

## КАЗНЕНО ПРАВО 180 ЕКТС

Запишувањето на студентите на трет циклус студии на Студиска програма за трет циклус студии – докторски студии на правни науки од областа на казненото право ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (објавен на веб-страницата на Универзитетот), како и согласно со посебните услови за запишување утврдени со Конкурсот за упис на трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вкупно 300 кредити.

На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус студии (заедно со првиот циклус со вкупно 300 кредити).

Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:

1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;

2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8 (осум);

3. Потврда за познавање на странски јазик;

Наставно-научниот совет со воведување на дополнителни услови може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование, од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**ДЕЛОВНО ПРАВО 180 ЕКТС**

Запишувањето на студентите на трет циклус студии на Студиска програма за трет циклус на студии на правни науки од областа на деловното право ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (објавен на веб-страницата на Универзитетот), како и согласно со посебните услови за запишување утврдени со конкурсот за упис на трет циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус на студии (заедно со првиот циклус со вкупно 300 кредити).

Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:

1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;

2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8 (осум);

3. Потврда за познавање на странски јазик.

Наставно-научниот совет со воведување на дополнителни услови може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование, од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за

кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

## ЕВРОПСКО ПРАВО И ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ 180 ЕКТС

Запишувањето на студентите на трет циклус студии на Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии на правни науки од област Европско право и европски интеграции ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (објавен на веб-страницата на Универзитетот), како и согласно со посебните услови за запишување утврдени со конкурсот за упис на трет циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вкупно 300 кредити.

На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус на студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус студии (заедно со првиот циклус со вкупно 300 кредити).

Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:

1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;

2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8 (осум);

3. Потврда за познавање на странски јазик.

Наставно-научниот совет со воведување на дополнителни услови може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование, од најмалку 7,5 само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

## МЕЃУНАРОДНО ПРАВО И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ 180 ЕКТС

Запишувањето на студентите на трет циклус студии на Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на меѓународното право и меѓународните односи ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование

и другите важечки прописи за оваа област, како и согласно со посебните услови за запишување утврдени со Конкурсот за упис на трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (три) години, односно вкупно 300 кредити.

На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен втор циклус студии (заедно со првиот циклус со вкупно 300 кредити).

Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:

1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;

2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8,0;

3.Активно познавање на странски јазик.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ 180 ЕКТС**

Запишувањето на студентите на трет циклус студии на Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии на политички науки од областа на политички системи ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (објавен на веб-страницата на Универзитетот), како и согласно со посебните услови за запишување утврдени со конкурсот за упис на трет циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вкупно 300 кредити.

На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус студии (заедно со првиот циклус со вкупно 300 кредити).

Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:

1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;

2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8 (осум);

3. Потврда за познавање на странски јазик.

Наставно-научниот совет со воведување на дополнителни услови може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**2.Економски факултет**
**Студиска програма: Економски науки**

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вкупно 300 кредити. На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус студии (заедно со првиот циклус со вкупно 300 кредити). Општи услови:

1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;

2. Потврда за познавање на англиски јазик;

3. На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии.

4. Универзитетот може да постави и други услови за упис на докторски студии.

**3.Факултет за образовни науки**

**Студиски програми: Училишна педагогија, Воспитанието и образованието во раниот детски развој**
**Услови за Училишна педагогија**

Запишувањето на студентите на трет циклус студии на Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии *Училишна педагогија* ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на ОБ.3 Образец Елаборат за акредитирање на студиска програма од трет циклус на студии академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (објавен на веб-страницата на Универзитетот), како и согласно со посебните услови за запишување утврдени со Конкурсот за упис на трет циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вкупно 300 кредити. На универзитетски академски тригодишни студии од трет

циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус студии (заедно со прввиот циклус со вкупно 300 кредити). Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови: 1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС; 2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8 (осум); 3. Потврда за познавање на странски јазик; Наставно-научниот совет со воведување на дополнителни услови може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование, од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма. На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**Услови за Воспитанието и образованието во раниот детски развој**

Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии *Воспитанието и образованието во раниот детски развој* ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (објавен на веб-страницата на Универзитетот), како и согласно со посебните услови за запишување утврдени со Конкурсот за упис на трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вкупно 300 кредити.

На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус студии (заедно со прввиот циклус со вкупно 300 кредити).

Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:

1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;

2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8 (осум);

3. Потврда за познавање на странски јазик.

Наставно-научниот совет со воведување на дополнителни услови може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното

образование, од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**Кампус 1**

**1.Музичка академија**

Услови за запишување

Запишувањето на студентите на трет циклус студии на Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии *Етнокореологија* ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (објавен на веб-страницата на Универзитетот), како и согласно со посебните услови за запишување утврдени со Конкурсот за упис на трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вкупно 300 кредити.

На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус студии (заедно со првиот циклус со вкупно 300 кредити).

Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:

1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;

2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8 (осум);

3.Потврда за познавање на странски јазик.

Наставно-научниот совет со воведување на дополнителни услови може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование, од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Кандидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**3.1 Дополнителни услови**

Покрај општите услови наведени во точка 2. Од овој Конкурс, на докторски студии можат да се запишат кандидатите кои ги исполнуваат следниве услови:

Посебни услови за селекција и рангирање на кандидатите пријавени на студиските програми на **Факултетот за медицински науки, Кампус 3**, ќе се врши врз основа на:

- успехот од претходното образование помножен со пондерот на Универзитетот, кој учествува со 80% или 80 бодови;
- специјализација 20% (20 бодови), (завршена специјализација 20 бодови, специјализација во втора половина 10 бодови).

1. Бодовите за селекција на кандидатот се пресметуваат така што освоениот успех во претходното образование се помножува со следните пондери добиени врз основа на последното објавено рангирање на високообразовните установи согласно со ЗВО:
   1 за првата високообразовна установа,
   0.95 за втората високообразовна установа,
   0.9 за третата високообразовна установа,
   0.85 за четвртата високообразовна установа,
   0.8 за петтата високообразовна установа,
   0.75 за шестата високообразовна установа,
   0.7 за седмата високообразовна установа,
   0.65 за осмата високообразовна установа,
   0.6 за деветтата високообразовна установа,
   0.55 за десеттата високообразовна установа,
   0.5 за единаесеттата високообразовна установа,
   0.45 за дванаесеттата високообразовна установа,
   0.4 за тринаесеттата високообразовна установа,
   0.35 за четиринаесеттата високообразовна установа,
   0.3 за петнаесеттата високообразовна установа,
   0.25 за шеснаесеттата високообразовна установа,
   0.2 за седумнаесеттата високообразовна установа,
   0.15 за осумнаесеттата високообразовна установа,
   0.1 за деветнаесеттата високообразовна установа,
   0.05 за дваесеттата високообразовна установа.

2. За кандидатите кои го стекнале претходното високо образование на странска високообразовна установа која е рангирана во првите 500 високообразовни установи според последната листа објавена од Институтот за високо образование при Шангајскиот „Џио Тонг“ универзитет или високообразовна установа во земјите членки на Европската Унија, просечниот успех се множи со пондер 1, а за останатите со пондер 0.9.

**4. Постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите**

4.1. Постапката за рангирање ја спроведува Универзитетска конкурсна комисија за запишување на трет циклус на студии. Резултатите од постапката за рангирање се објавуваат на огласната табла на единицата и на веб-страницата на Универзитетот и единицата. Кандидатот кој смета дека постапката за рангирање не е правилно спроведена има право на приговор до конкурсната комисија во рок од 24 часа од денот на објавувањето на ранг-листата. Одлуката по приговорот мора де се донесе во рок од 24 часа од поднесувањето и му се

соопштува на подносителот со истакнување на огласна табла, на веб-страницата на Универзитетот и единицата. Комисијата е должна да достави конечен извештај од резултатите за запишувањето на студентите до Наставно-научниот совет на докторски студии на кампус на Универзитетот. Одлуките за запишување на кандидатите на трет циклус – докторски студии ги носи Наставно-научниот совет на докторски студии на кампус на Универзитетот. Кандидатот кој го остварил правото на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето, го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг-листата. Ќе биде запишан кандидатот кој при запишувањето ќе достави изјава од ментор. Студентот со Универзитетот склучува договор за студирање, со кој поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски.

**4.2. Пријавување на кандидатите:**

1. **Кандидатот креира електронска пријава за упис на наменскиот линк на веб-страницата на Универзитетот [www.ugd.edu.mk](www.ugd.edu.mk):**
   - Уписи 2 и 3 циклус студии.

2. **Потребни документи за пријавување:**
   - диплома од прв циклус студии односно од додипломски студии;
   - диплома од втор циклус студии односно од постдипломски студии;
   - уверение за положени испити од прв циклус студии односно од додипломски студии;
   - уверение за положени испити од втор циклус студии односно од постдипломски студии;
   - кандидатите кои своето високо образование, додипломски студии (прв циклус) и постдипломски студии (втор циклус), го завршиле во странство доставуваат нострифицирани документи, со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување на трет циклус студии – докторски студии, како и еквиваленција на оценките, доколку системот на оценување е различен од Република Северна Македонија;
   - документ за завршена специјализација или специјализација во тек (за кандидатите на студиските програми од Факултетот за медицински науки);
   - уверение за државјанство (да не е постаро од 6 месеци), странските државјани доставуваат преведена и заверена на нотар фотокопија од патна исправа;
   - доказ за познавање на англиски јазик (потврда/сертификат од овластена институција или потврда од Институтот за јазици при Филолошки факултет, УГД - Штип) (оригинал или фотокопија заверена кај нотар);
   - доказ за познавање на македонски јазик (потврда/сертификат од овластена институција или потврда од Институтот за јазици при Филолошки факултет, УГД Штип) (оригинал или фотокопија заверена кај нотар);
   - кратка биографија;
   - првична изјава од ментор од листата на ментори.

Документите се доставуваат во материјална форма **до 1.10.2025 г.,** Правен факултет, Кеј „Маршал Тито“ бб, Штип, Студентска служба за трет циклус.

3. **Кандидатот добива потврда со број за успешна пријава на депонираната приватна е-пошта која ја приложува заедно со потребните документи.**

4. **По донесување на Одлука за запишување од страна на Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот, потврдени од Ректорската управа, кандидатот/ката се запишува со поднесување на:**
   - Индекс,
   - Доказ за извршена уплата на школарина,
   - Административни такси и други надоместоци,
   - Две фотографии,
   - Изјава од ментор,
   - Договор за студирање.

При запишувањето документите се доставуваат во зградата на Правен факултет, УГД, Штип, Кеј „Маршал Тито“ бб, во канцеларијата за Студентска архива на трет циклус.

**5 Рокови за пријавување и запишување:**

| | |
|---|---|
| Пријавување | од 11.8.2025 г. до 1.10.2025 г. |
| Доставување на документи во материјална форма | до 1.10.2025 г. |
| Објавување на прелиминарна ранг-листа | 2.10.2025 г. |
| Рок за приговор | 3.10.2025 г. |
| Објавување на конечна ранг-листа | 3.10.2025 г. |
| Запишување | од 11.10.2025 г. до 15.10.2025 г. |

**6. По потреба, Универзитетот може да донесе одлуки за дополнување на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии, како и за спроведување дополнителен уписен рок.**

**7. Место на изведување на студиската програми**

Изведување на студиските програми, наставата и полагање на испитите ќе се одвива на единиците на Универзитетот во Штип.

**8. Висина на школарината и надоместоците**

Школарината за студирање на трет циклус-докторски студии е целосно на товар на студентот и изнесува за шест семестри вкупно 3.000 ЕУР (пресметано во денари по среден курс на НБРМ на денот на уплатата). Странските студенти плаќаат двојно повеќе.

Школарината за студирање на трет циклус-докторски студии се уплаќа при запишувањето на секој семестар односно на шест еднакви рати по 500 ЕУР (по 1000 ЕУР за странските студенти) (во денарска противвредност).

За спроведување на постапката за пријава, оценка и одбрана на докторскиот труд, студентот плаќа надомест во износ од 2.150 ЕУР (пресметано во денари по среден курс на НБРМ на денот на уплатата). Овој износ студентите

го уплатуваат најдоцна 10 дена пред одбраната на докторскиот труд. Студентите странски државјани плаќаат двојно повеќе.

Трошоците кои ќе произлезат од користењето на одредени лаборатории на Универзитетот при изработката на докторскиот труд се специфицираат посебно во согласност со соодветната катедра и истите кандидатот ги надоместува во тек на студиите до одбраната на докторскиот труд.

Надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот се врз основа на Одлуката за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот за прв, втор и трет циклус на студии.

**ЗАБЕЛЕШКА**

Детални информации за условите за запишување на секоја од објавените студиски програми, потребната документација, организацијата и временскиот распоред на студиите, заинтересираните кандидати може да ги добијат во Школата за докторски студии, Одделението за магистерски и докторски студии, соодветните единици носители на студиските програми и на веб-страницата на Универзитетот и на единиците.

**Контакт информации:**
**Адреса: ул. „Крсте Мисирков“ бр.10 А Штип**

Е-пошта: upisi3ciklus@ugd.edu.mk

Конкурсот е објавен на интернет-страницата:
http://www.ugd.edu.mk